ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2021 ГОДИНА НА
# МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ-ЦАРИНСКА УПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**( сметката на основен буџет 637)**

01 2022 03 03/1

Скопје, март 2023 година

# СОДРЖИНА


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 14 |
| Финансиски извештаи за 2021 година: | |
| - Биланс на приходи и расходи | 15 |
| - Биланс на состојба | 16 |
| - Преглед на промени на извори на капиталните средства | 17 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 18 - 22 |
| - Сметководствени политики | 22 - 23 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 24 - 30 |

Прилози

Прилог 1 - Преглед на резултатите од преземените мерки од страна на субјектот предмет на ревизија, во врска со утврдените состојби и дадените препораки содржани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор

Прилог 2 – Забелешки на Нацрт извештај на овластениот државен ревизор

Прилог 3 – Одговор на забелешки на Нацрт извештај на овластениот државен ревизор

**Кратенки користени во извештајот:**

Царинска управа - Царинска управа на Република Северна Македонија

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

**Број:** 11-294/8
**Дата:** 20.03.2023

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи на Министерство за финансии – Царинска управа на Република Северна Македонија на сметката на основен буџет (637) за 2021 година, заедно со ревизија на усогласеност.

Со извршената ревизија за 2021 година, изразивме мислење со резерва за вистинито и објективно прикажување на финансиските извештаи, а мислење без резерва за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за 2016 година, при што изразивме мислење со резерва за вистинито и објективно прикажување на финансиските извештаи, како и за усогласеност на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики.

Со ревизијата на преземените мерки по дадените препораки од извршената ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2016 година, констатиравме дека од вкупно дадените седум препораки, четири препораки се спроведени, две препораки не се спроведени и една е делумно спроведена.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2021 година, заедно со ревизија на усогласеност, го констатиравме следното:

- во пописот на средствата и обврските не се во целост извршени постапките предвидени со законските и подзаконските акти;

- за земјиштето не е пресметана и сметководствено евидентирана ревалоризација и
- за дел од залихите на материјали не е воспоставена целосна финансиска и материјална евиденција;

За констатираните состојби дадени се препораки, со цел преземање мерки за надминување на истите.

Во делот на нагласување на прашања за неизвесност или континуитет ги истакнавме судските постапки во кои Царинската управа е тужена странка, од кои постои можност да произлезат идни обврски.

Во делот на Останати прашања ги обелодениме следните состојбите:
- потребно е Владата на Република Северна Македонија да утврди специфични работни места кои се од особено значење за ефикасноста на Царинската управа, со што ќе се овозможи плата во процент предвиден во законската регулатива за царинските службеници за наведените работни места;
- за движните ствари кои имаат сметководствена сегашна вредност, но се дотраени, неупотребливи и технолошки застарени и кои не можат да се дадат на користење на други државни органи или да се продадат или разменат, потребно е Владата на Република Северна Македонија да дава согласност за нивно расходување, со спроведување на постапка за избор на правно лице за собирање и транспортирање на отпад;
- потреба од донесување на подзаконски акт од страна на министерот за финансии, со кој ќе се уреди содржината, начинот на водење и отписот од царинската евиденција за увозните и извозни давачки и други давачки и даноци кои Царинската управа ги наплатува и
- доуредување на Протокол за меѓусебна соработка помеѓу Царинска управа и Управата за јавни приходи заради целосна размена на податоци и информации за управните акти за присилна наплата на изречени парични казни односно глоби и трошоци на постапка.

Од страна на раководното лице на Царинската управа доставени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор. Забелешките се разгледани и оценето е дека истите преставуваат известување за преземените мерки по дадените препораки, а една е делумно прифатена поради дополнително доставена документација.

# 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 15 до 17 заедно со ревизија на усогласеност на Министерство за финансии - Царинска управа на Република Северна Македонија, на сметката на основен буџет – 637, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември 2021 година, биланс на приходи и расходи, преглед на промените на изворите на капиталните средства за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеноста со законите и прописите за 2016 година при што изразено е мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, како и за усогласеноста со законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на Министерство за финансии – Царинска управа на Република Северна Македонија застапувано од:

- Ѓоко Танасоски – директор од 03.08.2017 година до 12.01.2021 година;
- м-р Горан Сугарески – в.д. директор од 12.01.2021 година до 30.07.2021 година и
- м-р Славица Кутиров – в.д. директор од 30.07.2021 година и директор од 21.02.2022 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во

финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти,

во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 10.10.2022 година до 10.01.2023 година кај Министерство за финансии – Царинска управа на Република Северна Македонија од тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- м-р Цвета Ристовска, помошник на главниот државен ревизор и овластен државен ревизор;
- Мумин Абдулаи, раководител на ревизија (по овластување);
- Дијана Дејаноска Петковска, виш ревизор и овластен државен ревизор;
- м-р Владимир Николоски, виш ревизор и овластен државен ревизор;
- Сашко Груевски, самостоен ревизор;
- м-р Лирим Емини, ревизор и
- Арјета Мамути, помлад ревизор.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор од 2016 година. Со ревизијата на преземените мерки по дадените препораки се констатира дека се дадени седум препораки од кои четири препораки се спроведени, две препораки не се спроведени и една е делумно спроведена. (Прилог 1).

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Министерство за финансии –Царинска управа на Република Северна Македонија, одржан на ден 26.01.2023 година.

На ден 13.03.2023 година добиени се забелешки на Нацрт извештајот од одговорното лице на Царинска управа, број 02-01166/23-0002 од 10.03.2023 година, заведени во Државниот завод за ревизија под број 11-294/7 од 13.03.2023 година. Забелешките се

разгледани од овластениот државен ревизор при што е констатирано дека забелешките на препораките на точките 4.1.1 и 4.1.2. претставуваат известување за преземените мерки по дадените препораки, а 4.1.3. делумно е прифатена.

Констатирани се следните состојби:

4.1. **Финансиски извештаи**

4.1.1. Начинот и роковите за вршење на пописот на средствата, побарувањата и обврските на Царинската управа се уредени со процедура „Насоки за начинот на вршење на попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба"[1], донесена во 2017 година. Со извршениот увид во презентираниот пописен материјал и Извештајот од извршениот годишен попис за 2021 година, изготвен од Централната пописна комисија, ревизијата ги утврди следниве состојби:

- пописните листи на постојаните средства не содржат податоци за износот на годишната амортизација за 2021 година за секое средство поединечно, поради што усогласувањето на фактичката со сметководствената вредност се врши за сите средства во вкупен износ, што не е во согласност со член 31 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници каде е уредено дека податоците за пописот се внесуваат поединечно во натурални и парични вредности во пописните листи;
- не се изработени пописни листи според аналитичките сметки, што не е согласно точка 36 алинеја 1 од Насоките. На ревизијата и беше приложен документ - преглед со горенаведените податоци кои се обезбедени од сметководствената материјална евиденција;
- не е извршена замена на испаднати, оштетени и нечитливи инвентарни броеви кај материјалните средства, што не е согласно точка 16 алинеа 2 од Насоките, посочено и во Извештајот за извршен попис;
- изготвени се пописни листи по вработени, задолжени со ситен инвентар без податоци од материјалната евиденција и истите не се составен дел од Извештајот за спроведениот попис;
- дел од пописните листи не содржат потпис од сите членови на пописните комисии;
- пописната комисија не ја утврдила правната основа за постоење на искажаните обврски заради потврдување на реалноста на истите и не ги утврдила причините за неизмирените обврски, што не е во согласност со член 31-в точка 1 алинеја 1 и 2 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

[1] Број 01-076337/17-0001 од 21.11.2017 година

Истакнуваме дека во текот на ревизијата изработен е преглед на обврски, со утврдување на правниот основ, при што констатиравме дека истите во најголем дел се тековни обврски од 2021 година.

Наведените состојби влијаат врз усогласувањето на сметководствената вредност на дел од средствата со фактичката состојба утврдена со пописот, како и врз податоците во Билансот на состојба.

**Препорака:**

Одговорното лице на Царинската управа да преземе мерки и активности со кои ќе се обезбеди:

- пописните листи да ги содржат сите податоци неопходни за усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот;
- пописните листи да содржат потпис од сите членови на пописните комисии;
- инвентарни броеви на сите материјални средства и
- вршење попис на обврските со проверка на реалноста на нивното искажување, утврдување на правната основа како и причините поради кои истите не се платени.

4.1.2. Буџетските корисници вршат ревалоризација на долгорочните материјални и нематеријални средства за нивно повторно вреднување и реално искажување во сметководствената евиденција. За 2021 година не е пресметана и сметководствено евидентирана ревалоризација на земјиштето како разлика меѓу вредноста на крајот од пресметковниот период според просечните пазарни цени утврдени согласно методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот од единицата на локалната самоуправа во која се наоѓа земјиштето и нивната сметководствена вредност.

Наведената состојба не е во согласност со член 28 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници каде е уреден начинот на вршење на ревалоризацијата на земјиштето, што влијае врз реалноста на искажаната состојба на земјиштето во финансиските извештаи.

Во текот на вршење на ревизијата, од страна на одговорното лице преземени се активности и донесен е акт за започнување на постапката за ревалоризација на земјиштето со кое располага Царинската управа.

Со забелешките по Нацрт извештајот, Царинската управа ги приложи доставените Барања до 16 (шеснаесет) единиците на локална самоуправа за обезбедување на податоци за пазарната вредност на земјиштето, заради нивно усогласување и евидентирање во деловните книги.

**Препорака:**

Одговорното лице на Царинска управа да продолжи со започнатите активности за обезбедување на податоци за вредноста на земјиштето од единиците на локалната самоуправа во кои се наоѓа земјиштето и нивно усогласување и евидентирање во деловните книги.

4.1.3. Во делот на материјалната и финансиската евиденција на набавката и издавањето на залихата на материјалите во Царинска управа, ревизијата ги констатира следниве состојби:

- за затоплување на објектите на граничните премини, извршена е набавка на 143 илјади литри масло за греење во вкупен износ од 10.046 илјади денари, за кое не се води материјална евиденција за примените и потрошените количини и не е воспоставена сметководствена евиденција за приемот и неговата потрошувачка;
- пописната комисија нема извршено попис на маслото за греење, со што е оневозможен увид со кои количини располага Царинска управа на крајот на пресметковниот период;
- во однос на евиденцијата за движењето на залихите на метални сигурносни пломби, кои се користат за пломбирање на транспортните средства, царинските и акцизните складови, ги утврдивме следните состојби:
  - во материјалната евиденција се врши само евидентирање на примена и вкупно издадена количина на сигурносни пломби од Централниот магацин кон царинарниците низ државата, без податоци за нивниот потрошок поединечно по сериски број, што не овозможува целосно следење на искористените пломби и точна состојба на нивната залиха и
  - не е воспоставено хронолошко и навремено финансиско евидентирање на залихите на сигурносни пломби, поради што во деловните книги на 31.12.2021 година евидентиран е износот на залиха утврден со редовниот годишен попис за 2021 година, во износ од 1.492 илјади денари.

Ваквите состојби не се во согласност со член 6 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници каде е уредена потребата од сметководствена евиденција на сите финансиските промени односно трансакции настанати на средствата на буџетските корисници, со што се отежнува планирањето на идните набавки на материјали според реалните потреби и има влијание на информациите кои ги даваат финансиските извештаи.

Истакнуваме дека во текот на 2022 година се преземени активности за хронолошко и навремено евидентирање на залихата на метални пломби во финансиската сметководствена евиденција, како и за надградба на постоечки систем во Царинска управа, со што ќе се овозможи автоматско преземање на

искористени царински пломби по сериски броеви и нивно раздолжување и задолжување од системите за обработка на царински декларации.

Со забелешките по Нацрт извештајот, Царинската управа приложи документација и информира дека во 2023 година отпочната е евиденција на залихите на масло за греење и металните пломби во Системот за материјално и финансиско работење.

**Препорака:**
Одговорното лице на Царинската управа да продолжи со отпочнатите активности за:
- воспоставување на материјална и финансиска евиденција на залихите на масло за греење и вршење на редовен попис на истите и
- материјално и финансиско евидентирање на приемот, преносот, издавањето и употребата на металните пломби по сериски броеви.

**Основ за изразување на мислење**

Вкупниот ефект од изнесените наоди кои се основ за изразување на мислење искажани во точката 4.1. а која се однесува на: вршење на попис на средствата и обврските и нивното усогласување со сметководствената евиденција без целосна примена на законската и подзаконската регулатива, не воспоставената материјална и финансиска евиденција на дел од залихите на материјали и пресметка на ревалоризација само кај дел од долгорочните средства, претставува основ да го квалификуваме нашето мислење.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 4.1, финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Министерство за финансии – Царинска управа на Република Северна Македонија, на ден 31 декември 2021 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

6.1. Обрнуваме внимание дека Царинската управа е тужена страна пред надлежните судови за судски предмети од кои ќе произлезат идни финансиски обврски за буџетот на Царинската управа, во вкупен износ од 40.405 илјади денари до 31.12.2021 година, со проекција за нивна реализација по два основи и тоа: парични побарувања од работни спорови во вкупен износ од 13.508 илјади денари и за штета во граѓански-парнична постапка во вкупен износ од 26.897 илјади денари.

6.2. Со член 42 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост[2], пропишано е дека државните органи за движните ствари кои поради неисправност, технолошка некомпатибилност или застареност повеќе не се употребуваат од државните органи и кои не можат да се дадат на користење, да се продадат или разменат, со Одлука за согласност од Владата на Република Северна Македонија, се должни да спроведат постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и транспортирање на отпад.

Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана во јуни 2021 година, има донесено Одлука за давање на согласност на Царинска управа[3] да спроведе постапка за избор на правно лице за собирање и транспортирање на отпад на движните ствари кои се дотраени, неупотребливи и технолошки застарени , но само за делот на оние движни ствари кои немаат сегашна вредност односно е наведено .... *„да се иземат сите ствари за кои во Извештајот за редовен годишен попис за 2020 година на средствата и обврските на Царинска управа постои финансиска вредност"......*
Состојбата и со годишниот попис за 2021 година, останува непроменета.

Ревизијата истакнува дека движните ствари кои се дотраени и неупотребливи, кои не се употребуваат од државните органи и кои не можат да се дадат на користење на други државни органи, да се продадат или разменат и за кои пописната комисија утврдила дека немаат употребна, функционална вредност, треба се расходуваат и покрај тоа што имаат сметководствена сегашна вредност. Физичкото чувањето на движни ствари кои не се употребуваат, а преставуваат отпад, не овозможува реално и објективно искажување на состојбата со државниот јавен капитал, влијае врз квалитетот на информациите кои истите ги даваат, како и врз можноста од идентификување на реалните потреби за нивна набавка.

[2] „Службен весник на Република Македонија" број 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 101/19, 275/19 и 122/21
[3] „Службен весник на Република Северна Македонија" број 135/21

## 7. Останати прашања

7.1 Секоја година во рамките на предвидениот Буџет и врз основа на вкупниот број на царински службеници распоредени по соодветните нивоа за тековната година, директорот на Царинската управа, по претходна согласност од министерот за финансии, носи одлука за вредноста на бодот за пресметување на платите на царинските службеници. Поради посебните работни услови, како и поради посебната одговорност која произлегува од работното место, согласно член 67 став 3 од Законот за Царинската управа[4] и Колективниот договор на Царинска управа[5] во коефициентот на сложеност на работното место при утврдување на платата на царинскиот службеник се содржани и се исплаќаат 30% како надополнување на нивната основна, редовна плата.

Во Закон за Царинската управа[6] предвидена е можноста министерот за финансии по предлог на директорот на Царинска управа да може да определи поголем процент на плата за специфичните работни места за кои се потребни поспецифични квалификации или вештини, а кои се од особено значење за ефикасноста на Царинската управа, но најмногу до 50% од основната платата. Согласно измените и дополнувањата на Законот за Царинска управа во 2007 година[7], Владата на Република Северна Македонија, има законска обврска да ги определи специфичните работни места, но до денот на вршење на ревизијата нема донесено акт за нивно определување, поради што не се врши исплата согласно наведената законска можност.

Ревизијата посочува дека потребно е надлежните органи да преземат активности за зголемена меѓусебна соработка во определување на специфичните работни места, со цел стимулирање и вреднување на трудот на царинските службеници кои поседуваат стручни квалификации и вештини за извршување на специфични работни обврски, се со цел поефикасно и поефективно исполнување на целите на институцијата.

7.2 Од страна на Царинска управа воспоставена е вонбилансна евиденција на побарувањата од правни и физички лица по различни основи, чија наплата претставува приход во Буџетот на Република Северна Македонија.

Со извршениот увид во целокупната документација врз основ на која се води царинската евиденција, ги истакнуваме следниве состојби:

---

[4] „Службен весник на Република Македонија" број 46/04, 81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105/09, 48/10, 158/10, 53/11, 113/12, 43/14, 167/14, 33/15, 61/15, 129/15, 23/16, 120/18 и 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/21

[5] Број 01-081515/15-0023 од 08.08.2021 година

[6] „Службен весник на Република Македонија" број 46/04,

[7] „Службен весник на Република Македонија" број 107/2007

7.2.1 Со Царинскиот закон[8] утврдено е дека правото за наплата на износот на давачки да застарува во рок од пет години, односно правото за наплата во секој случај, застарува по истекот на десет години од денот кога настанал царинскиот долг, по што може да се врши отпис на износот на побарувањата од царинската евиденција. Заклучно со 31.12.2022 година по основ на ненаплатени побарувања од издадени решенија за дополнителна наплата на царина и царински давачки донесени во управна постапка евидентиран е вкупен износ од 3.518.482 илјади денари и тоа:

- за физички лица за период од 01.01.2007 година до 31.12.2022 година ненаплатени се 150 решенија, издадени на вкупно 128 обврзници во вкупен износ од 5.838 илјади денари и
- за правни лица за период од 01.01.1999 година до 31.12.2022 година во вкупен износ од 3.512.643 илјади денари.

Состојбата на ненаплатени побарувања од правните субјекти со статус на должници (активни, во ликвидација, стечај, избришани, неактивни, немигрирани, пред стечај) утврден во Централен регистар на Република Северна Македонија, се прикажани во табелата подолу:

во 000 денари

| Неплатени решенија за правни лица од 01.01.1999 до 31.12.2022 година | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **реден број** | **Број на обврзници** | **Статус** | **Износ на ненаплатени решенија** | **Број на ненаплатени решенија** |
| 1. | 67 | активни | 575.950 | 2.547 |
| 2. | 17 | ликвидација | 159.245 | 75 |
| 3. | 83 | стечај | 232.683 | 641 |
| 4. | 561 | избришани | 2.458.559 | 3.498 |
| 5. | 6 | неактивни | 24.818 | 65 |
| 6. | 12 | немигрирани | 12.829 | 35 |
| 7. | 2 | пред стечај | 48.559 | 265 |
| **Вкупно** | **748** | | **3.512.643** | **7.126** |

Во однос на решенијата за наплата на акцизи согласно член 10 точка 7 од Законот за Царинска управа, кои претставуваат приход во Буџетот на Република Северна Македонија, во вонбилансната евиденција на Царинска управа евидентирани се побарувања во вкупен износ од 247.945 денари и тоа:

- 15.370 илјади денари за пресметани акцизи на физички лица за користење на минерална масла кои содржат материи за обележување како погонско гориво во моторни возила и

[8] „Службен весник на Република Македонија“ број 39/2005, 4/2008, 48/10, 158/10, 44/11, 53/11, 11/12, 171/12, 187/13, 129/15, 154/15, 192/15 и 23/16)

- 232.575 илјади денари за дополнителна наплата на акциза кон правни лица.

Со член 246-а од Царинскиот закон пропишано е дека за вршење отпис на наведените побарувања потребно е министерот за финансии да ја пропише содржината, начинот на водење и отписот од царинската евиденција на увозните и извозни давачки и други давачки и даноци кои Царинската управа ги наплатува.

Од страна на Царинска управа изработен е Нацрт - Правилник за содржината, начинот на водење на царинската евиденција и отписот на увозните и други давачки и даноци кои Царинската управа ги наплатува, со кој меѓу другото пропишана е постапка и начин на евидентирање на отпис на царински долг во царинската евиденција, но истиот сеуште не е доставен до Министерство за финансии за негово разгледување и усвојување.

Истакнуваме дека постои потреба од интензивирање на соработката и координацијата на Царинска управа и Министерство за финансии за донесување на подзаконскиот акт, согласно кој ќе се изврши отпис на застарени побарувања со што ќе се обезбедат објективни и квалитетни информации за износот на средства како очекувани приходи во Буџетот на Република Северна Македонија.

7.2.2 Со член 4 точка 5 и 6 од Законот за Управа за јавни приходи[9] и член 2 точка 3 и 4 од Законот за даночна постапка[10], Управата за јавни приходи го управува извршувањето, заради наплата на паричните казни односно глобите и трошоците изречени од страна на судот или надлежниот орган во парничните, прекршочните, кривичните и управните постапки во корист на Република Северна Македонија.

Помеѓу Управата за јавни приходи и Царинска управа, во ноември 2013 година, потпишан е Протокол за соработка со кој утврден е начинот и постапката за доставување на управни акти за присилна наплата на изречени парични казни, односно глоби и трошоци на постапка, за кои во царинската вонбилансна евиденција искажани се побарувања во вкупен износ од 543.546 илјади денари, за период од 01.01.2008 година заклучно со 31.12.2021 година.

На месечна основа, Царинска управа до Управата за јавни приходи, доставува табеларни прегледи со детални податоци по должник - правно или физичко лице, вкупен износ на изречена глоба со број и датум на решението, како и

[9] „Службен весник на Република Македонија" број 43/14, 61/15, 27/16, 35/18, 83/18 и 7/19
[10] „Службен весник на Република Македонија" број 13/06, 88/08, 159/08, 105/09,133/09, 145/10, 171/10, 53/11, 39/12, 84/12, 187/13, 15/15, 97/15, 129/15, 154/15, 23/16 и 35/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/19, 290/20 и 247/22

датумот на неговата правосилност и извршност. Како повратна информација за извршената наплата од страна на Управата за јавни приходи, на годишно ниво се доставува само податоци на вкупен број на обработени предмети, број на генерирани и број на решенија кои не се генерирани и вкупен износ средства од наплатените побарувања, кои се приход во буџетот на државата.

Отсуството на повратни информации од Управата за јавни приходи за наплатени или ненаплатени побарувања поединечно со број и датум на решение, не овозможува точно и редовно ажурирање на податоците со кои располага Царинската управа за ненаплатени побарувања по овој основ.

Ревизијата ја истакнува потребната од доуредување на Протоколот за меѓусебна соработка помеѓу Царинска управа и Управата за јавни приходи со дефинирање на начинот на размена на податоци и информации, што ќе овозможи увид во наплатата на побарувањата и ќе претставува реален основ за планирање на приходите на Буџетот на Република Северна Македонија за наредна година.

Министерство за финансии

Царинска управа на Република Северна Македонија

Сметка на основен буџет (637)

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2021 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2021 | 2020 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | 3.1. | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1 | 882.930 | 822.957 |
| **Вкупно приходи** | | **882.930** | **822.957** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | 3.2. | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1 | 776.836 | 737.704 |
| Стоки и услуги | 3.2.2 | 86.167 | 78.069 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.3 | 10.153 | 3.088 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **873.156** | **818.861** |
| **Капитални расходи** | 3.3. | | |
| Капитални расходи | 3.3.1 | 9.774 | 4.096 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **9.774** | **4.096** |
| **Вкупно расходи** | | **882.930** | **822.957** |

Образложенијата се составен дел на финансиските извештаи

**Министерство за финансии**

**Царинска управа на Република Северна Македонија**

**Сметка на основен буџет (637)**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образложение | 2021 | 2020 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | **4.1.** | | |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.1.1 | 16 | 16 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.2 | 83.784 | 70.186 |
| Залихи | 4.1.3 | 29.559 | 17.313 |
| **Вкупно тековни средства** | | **113.359** | **87.515** |
| **Постојани средства** | **4.2.** | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1 | 76.631 | 141.810 |
| Материјални добра и природни богатства | 4.2.2 | 882 | 882 |
| Материјални средства | 4.2.3 | 2.284.030 | 1.750.126 |
| Материјални средства во подготовка | 4.2.4 | 1.121 | 90.326 |
| **Вкупно постојани средства** | | **2.362.664** | **1.983.144** |
| **Вкупна актива** | | **2.476.023** | **2.070.659** |
| Вонбилансна актива | **4.3.** | 16.392.542 | 14.073.776 |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | **4.4.** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.4.1 | 19.661 | 8.900 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.4.2 | 64.123 | 61.286 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.4.3 | 16 | 16 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **83.800** | **70.202** |
| **Извори на средства** | **4.5.** | | |
| Извори на капитални средства | 4.5.1 | 2.392.223 | 2.000.457 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **2.392.223** | **2.000.457** |
| **Вкупна пасива** | | **2.476.023** | **2.070.659** |
| Вонбилансна пасива | **4.6.** | 16.392.542 | 14.073.776 |

Образложенијата се составен дел на финансиските извештаи

**Министерство за финансии**
**Царинска управа на Република Северна Македонија**
**Сметка на основен буџет (637)**

# ПРЕГЛЕД
# НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2021 ГОДИНА

**во 000 денари**

| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност)** | **Ревалоризациона резерва** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2021 година** | **1.983.144** | **17.313** | | **2.000.457** |
| **Зголемување по основ на:** | **577.148** | **18.470** | **282.863** | **595.618** |
| Набавки | 294.285 | 18.470 | | 312.755 |
| Ревалоризација на капитални средства | 282.863 | | | 282.863 |
| **Намалување по основ на:** | **197.627** | **6.225** | **282.863** | **203.852** |
| Отпис на капитални средства | 200 | | | 200 |
| Инвестиции во тек | 89.805 | | | 89.805 |
| Амортизација | 107.622 | | | 107.622 |
| **Состојба 31.12.2021 година** | **2.362.665** | **29.558** | **-** | **2.392.223** |

# 1. ВОВЕД

**Основни податоци**

1.1. Царинска управа на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Царинска управа) како орган на државна управа во состав на Министерството за финансии со својство на правно лице, со седиште на улица „Лазар Личеноски“ број 13, Скопје е основана и организирана, согласно одредбите на Законот за царинската управа[1]. Царинската управа работите од својот делокруг ги извршува преку:

- Централна управа, која ги координира и раководи со царинските и другите надлежности на целата територија на Република Северна Македонија и
- царинарници, кои се формираат кога тоа го бара обемот и структурата на стоковниот и патнички промет со странство.

1.2. Основни надлежности на Царинска управа се:

- спроведување на царински и акцизен надзор;
- спроведување на царинска и акцизна контрола;
- царинење на стока;
- спроведување царинска и акцизна контрола, истражни и разузнавачки мерки со цел спречување, откривање и истражување на царински прекршоци и кривични дела;
- преземање мерки и активности со цел откривање и криминалистичко истражување на кривични дела од областа на царинското работење, спречување на натамошните последици на ваквите кривични дела, фаќање и пријавување на нивните сторители, обезбедување на докази, други мерки и активности што можат да користат за непречено водење на кривичната постапка, по службена должност или по наредба на јавниот обвинител преку извршување на надлежностите во правосудната полиција;
- водење на прекршочна постапка, изрекување на прекршочна санкција и посебна прекршочна мерка за сторен царински прекршок, согласно со закон, како и поведување на постапка по прекршоци и кривични дела утврдени со закон;
- вршење пресметка и наплата или враќање на акциза, извозни и увозни давачки, даноци и други јавни давачки и надоместоци при увоз, извоз или транзит на стока, како и спроведување на присилна наплата на истите во согласност со закон;
- водење царинско - управна постапка во прв степен и донесување на управни акти како решенија, одлуки, наредби, лиценци, дозволи, забрани, одобренија или други акти;

---

[1] „Службен весник на Република Македонија“ број 46/2004, 81/2005, 107/2007, 103/2008, 64/2009, 105/2009, 48/2010, 158/2010, 53/2011 113/2012 , 43/2014, 167/2014, 33/2015, 61/2015, 129/2015, 23/2016, 120/2018, 248/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 122/2021

- вршење на контрола на внесување и изнесување на пари, монетарно злато и физички преносливи средства за плаќање преку царинската линија на Република Северна Македонија;
- вршење контрола на извозот, увозот и транзитот на стока за која се пропишани посебни мерки од интерес за безбедноста и јавниот морал, зачувување на здравјето и животот на луѓето, животните и растенијата, заштита на животната средина, заштита на добра од привремена заштита или културно наследство или природни реткости, заштита на авторските и другите сродни права и правата на индустриска сопственост, како и други мерки на трговската политика пропишани со закон;
- организирање на царинскиот информациски систем и обезбедување податоци за увоз и извоз и акцизни постапки заради спроведување статистички истражувања;
- организирање и спроведување на контрола на професионалната одговорност на вработените; евидентирање на изјавите за имотна состојба и интереси и нивните промени, следење на имотната состојба на царинските службеници со посебни овластувања и состојбите на судир на интереси;
- организирање и спроведување на обуки, проверка на знаење и стручни способности на царинските службеници, како и управување со човечките ресурси;
- давање на стручна помош за примена на царинските и акцизните прописи за што организира семинари и јавни трибини со право на надомест;
- спроведување, сместување и чување на стоки како и сместување и чување на одземена, отстапена или пронајдена царинска стока;
- вршење на следење на царинска стока со надомест на трошоци;
- вршење на хемиско- технолошко испитување на стока со надомест на трошоци;
- соработка со други државни органи;
- соработка со странски царински управи и меѓународни организации управување, уредување и одржување на објекти на граничен премин за патен сообраќај;
- определување на работен простор, царински терминал, каде стоката во товарни моторни возила се става на увид и се врши преглед од страна на царинските органи, чија местоположба соодветствува на местоположбата на царинските испостави;
- издавање на исправи/документи за работи за кои води службена евиденција;
- вршење на други надлежности пропишани со овој закон и со друг закон.

1.3. Со правилниците за систематизација и организација[2] во Царинската управа утврдени се внатрешната организација и работа, видовите на организациони единици и нивната работа, како и раководењето со организационите единици. За вршење на надлежностите на Царинската управа формирани се следните организациони единици:

- одделение кабинет на директорот;
- одделение кабинет на директорот;
- одделение за внатрешна ревизија;
- одделение за меѓународна соработка, проекти и европски интеграции;
- одделение дежурен царински центар;
- сектор за професионална одговорност;
- сектор за царински систем;
- сектор за акцизи;
- сектор за контрола и истраги;
- сектор за управување со човечки ресурси;
- сектор за финансиски прашања;
- сектор за административни и технички работи;
- сектор за правни работи и
- сектор за информатички и комуникациски технологии.
- царинарница Скопје, со 10 царински испостави;
- царинарница Куманово, со 4 испостави;
- царинарница Штип, со 3 испостави;
- царинарница Гевгелија, со 7 испостави и
- царинарница Битола со 10 испостави.

1.4. Со работата на Царинската управа раководи директор кој го именува и го разрешува Владата на Република Северна Македонија. Директорот има заменик кој го именува и разрешува Владата на Република Северна Македонија.

Директорот и заменик-директорот се именуваат на предлог на министерот за финансии по спроведен јавен оглас за избор, објавен во три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Македонија од кои еден се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик и имаат мандат од четири години.

Директорот ја претставува Царинската управа. Директорот одлучува за правата од работен однос на вработените, е надлежен за започнување на постапка за откривање на случаи на несоодветно однесување или прекршување на должностите од страна на вработените во Царинската управа и за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност.

[2] Правилник за систематизација на работните места на ЦУРМ број 01-065421/15-0048 од 21.11.2019 година, број 04-065421/15-0065 од 18.02.2021 година и 01-036570/21-0008 од 15.11.2021 година и Правилник за внатрешна организација и работа на ЦУРСМ број 01-036570/21-0001 од 17.06.2021 година.

Надлежен е за донесување оперативни инструкции во писмена форма од сите области на царинското и акцизното работење. Директорот може во писмена форма да пренесе одделни негови надлежности на царински службеници, согласно со закон.

Согласно приложените картони за депонирани потписи во текот на 2021 година овластени потписници на Царинската управа се:

- од 03.08.2017 година до 12.01.2021 година:
  - Ѓоко Танасоски – директор;
- од 25.01.2021 година до 11.08.2021 година:
  - Горан Сугарески- в.д. директор[3];
  - Саша Сашек Гошева – помошник директор;
  - Игор Стојановски – началник на одделение
- од 11.08.2021 година:
  - Славица Кутиров – в.д. директор[4];
  - Саша Сашек Гошева – помошник директор;
  - Игор Стојановски – началник на одделение и

Бројот на вработени во Царинска управа во 2021 година изнесува 1.224.

Средствата за работа се обезбедуваат од Буџетот на РСМ, од прв ред раздел 09003 - Царинска управа на Република Северна Македонија, преку Буџетската сметка на Царинската управа 090030017563716.

Финансирањето на редовното работење на Царинската управа од Буџетот на РМ се реализира од три Програми и тоа:

- 20 - Царинска управа;
- 22 - Унапредување на капацитетите на контрола врз примена на законите;
- МА - Помош при транзиција и институционална надградба и
- МБ - Прекугранична соработка.

1.5. Законска рамка од областа на дејноста на субјектот:

- Закон за царинската управа;
- Царински закон;
- Законот за царинската тарифа;
- Законот за акцизите;
- Закон за даночна постапка;
- Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост и
- други законски и подзаконски акти поврзани со работењето на Царинската управа на Република Северна Македонија.

1.6. Интерни акти на субјектот:

- Правилник за организација и работа на Царинската управа;

[3] Решение за именување в. д. директор на Царинска управа број 14-441/1 од 12.01.2021 година
[4] Решение за именување в.д. директор на Царинска управа број 14-8412/1 од 30.07.2021 година.

- Правилник за систематизација на работните места на Царинската управа;
- Основни сметководствени политики на Царинската управа;
- Упатство за спроведување на сметководствени правила за евидентирање на залихи во Царинската управа;
- Процедура за подготвување и извршување на финансискиот план, планот за инвестиции и планот за набавки на Царинската управа;
- Процедура за постапување со финансиски документи;
- Процедура за подигнување на готовина, изготвување и книжење на денарски касови извештаи;
- Упатство за користење на буџетските средства наменети за репрезентација;
- Процедура за користење и управување службени возила;
- Упатство за начинот и постапките на евидентирање на отсуство на вработените во Царинската управа во случај на болест или повреда;
- Насока за начинот на вршење на попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба;
- Други интерни акти на Царинската управа.

## 2. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

**Признавање на приходи и расходи**

2.1. Признавањето на приходите и другите приливи кај Царинската управа - Сметка на средства од Буџетот на РСМ во Билансот на приходи и расходи се спроведува според сметководственото начело на парично искажување (готовинска основа) во периодот во кој настанале и се наплатени до 31 Декември во тековната фискална година, според критериумот на мерливост и расположливост.

2.2. Проценети приходи во Билансот на приходи и расходи се приходите остварени по видови и извори согласно Законот за буџетите и Правилникот за класификација на приходите.

2.3. Расходите и другите одливи во билансот на приходи и расходи се признаваат според сметководственото начело на парично искажување, во пресметковниот период во износ во кој е извршено плаќањето.

2.4. Проценетите расходи во Билансот на приходи и расходи се извршените расходи согласно Законот за буџетите и Правилникот за класификација на расходите.

2.5. Расходите ако не се извршени до денот на нивната пристигнатост за плаќање се искажуваат како активни временски разграничувања.

**Проценување на билансните позиции**

2.6. Царинската управа – Сметка на средства од Буџетот на РСМ води посебно сметководство за средствата од буџетот, по системот на двојно сметководство, а според распоредот на сметките од сметковниот план на буџетските корисници.

2.7. Паричните средства на сметките и во благајните во домашна валута се проценуваат според нивниот номинален износ, а во странска валута по курсот на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на билансирањето.

2.8. Побарувањата и обврските се признаваат во висина на номиналната вредност искажани во сметководствениот документ според договорените износи.

2.9. Долгорочните средства чија поединечна вредност во моментот на набавката е пониска од 300 ЕВРА во денарска противвредност се класифицираат како расход и се отпишуваат еднократно во целина при набавката.

**Амортизација и ревалоризација**

2.10. Корисниот век на употреба односно отписот на вредноста на нематеријалните и материјални средства се спроведува со примена на годишните стапки за отпис согласно Правилникот за буџетите и буџетските корисници со праволиниска метода на отпис.

2.11. Основицата за отпис (пресметување на амортизација) се корегира за последователните издатоци со кои се подобрува состојбата на средствата над неговиот корисен век на употреба, односно за вложувањата поради реконструкција, адаптација или други вложувања со кои се зголемува корисниот век на употреба, капацитетот и функционалната способност.

2.12. За износот на пресметаната амортизација се намалуваат нематеријалните и материјалните средствата и изворите на средствата.

2.13. Материјалните средства се амортизираат од првиот ден на наредниот месец откога тие средства почнале да се користат за вршење дејноста. Нематеријалните средства се амортизираат од првиот ден на наредниот месец откога тие средства се спремни за употреба.

2.14. Изворите на средства во билансот на состојба кај Царинската управа – Сметка на средства од Буџетот на РСМ се проценуват според утврдената вредност на стекнатиот:

- Државен - јавен капитал (постојани материјални и нематеријални средства).

# 3. БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

## 3.1. Приходи

### 3.1.1. Трансфери и донации

Оваа позиција е проценета во висина на 882.930 илјади денари (во 2020 година - 822.957 илјади денари), и се однесува на средствата обезбедени во Буџетот на Царинската управа согласно одредбите од Законот за буџетите, по основ на трансфери од Буџетот на Република Северна Македонија.

## 3.2. Тековни расходи

### 3.2.1. Плати, наемнини и надоместоци

Оваа позиција е проценета во висина на 776.836 илјади денари (во 2020 година - 737.704 илјади денари), исплатените износи за средствата кои се обезбедени од Буџетот на Царинската управа, согласно одредбите од Законот за буџетите и тоа по следните основи:

- основни плати – функционери и царински службеници;
- одбитоци за вработените;
- придонеси за социјално осигурување и
- надоместоци.

во 000 денари

| Опис | Извршено 2021 | Буџет 2021 | Извршено 2020 | Разлика |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5=(3-2) |
| Основни плати | 540.088 | 548.000 | 520.048 | 7.912 |
| Придонеси за социјално осигурување | 225.670 | 226.259 | 217.568 | 589 |
| Надоместоци | 11.078 | 12.570 | 88 | 1.492 |
| **Вкупно** | **776.836** | **786.829** | **737.704** | **9.993** |

Пресметката на плата во Царинска управа се врши врз основа на Законот за плата на избрани и именувани лица, Законот за административни службеници, Законот за работни односи за техничките лица додека за царинските службеници платата се исплатува согласно Законот за Царинска управа и Колективниот договор на Царинска управа.

### 3.2.2. Стоки и услуги

Оваа позиција е проценета во висина на 86.167 илјади денари (во 2020 година - 78.069 илјади денари), исплатените износи, за средствата кои се обезбедени од Буџетот на Царинската управа, согласно одредбите од Законот за буџетите и тоа по

следните основи:

- патни и дневни расходи, кои опфаќаат: патните расходи за патување во земјата и странство – сместување, хранарина и други патни расходи;
- комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, кои опфаќаат: електрична енергија, водовод и канализација, ѓубретарина, централно греење, течни горива, пошта, телефон и телефакс, други трошоци за комуникација, горива и масла за моторни возила и регистрација на моторни возила;
- материјали и ситен инвентар, кои опфаќаат: канцелариски материјали, списанија, весници и други изданија за користење од страна на вработените, други административни материјали, материјали за АОП, униформи, средства за одржување на хигиена, други материјали за специјална намена и други материјали;
- поправки и тековно одржување, кои опфаќаат: поправки и сервисирање на лесни возила (вклучувајќи резервни делови и гуми), поправки и сервисирање на пловни објекти, одржување на згради, дезинфекција, дезинсекција и дератизација, поправки и одржување на софтверска и хардверска опрема, поправки и одржување на друга опрема;
- договорни услуги, кои опфаќаат: провизија на платен промет, банкарска провизија, услуги за копирање, печатење и издавање, консултантски услуги и други договорни услуги;
- други тековни расходи, кои опфаќаат: членарини во меѓународни организации, семинари и конференции, објавување на огласи и други оперативни расходи.

во 000 денари

| Опис | Извршено 2021 | Буџет 2021 | Извршено 2020 | Разлика |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5=(3-2) |
| Патни и дневни расходи | 527 | 600 | 1.000 | 73 |
| Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 49.761 | 50.000 | 38.365 | 239 |
| Материјали и ситен инвентар | 7.881 | 8.000 | 7.938 | 119 |
| Поправки и тековно одржување | 11.998 | 12.000 | 10.064 | 2 |
| Договорни услуги | 16.000 | 16.000 | 15.322 | - |
| Други тековни расходи | | | 5.380 | |
| Вкупно | 86.167 | 86.600 | 78.069 | 433 |

**Субвенции и трансфери**

Оваа позиција е проценета во висина на 10.153 илјади денари (во 2020 година - 3.088 илјади денари), исплатените износи, за средствата кои се обезбедени од Буџетот на Царинската управа согласно одредбите од Законот за буџетите и тоа за разни трансфери и исплати по извршни исправи.

во 000 денари

| Опис | Извршено 2021 | Буџет 2021 | Извршено 2020 | Разлика |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5=(3-2) |
| Разни трансфери | 10.100 | 10.100 | 3.088 | - |
| Исплата по извршни исправи | 53 | - | - | (53) |
| **Вкупно** | **10.153** | **10.100** | **3.088** | **(53)** |

## 3.3. Капитални расходи

### 3.3.1. Капитални расходи

Оваа позиција е проценета во висина на 9.774 илјади денари (во 2020 година - 4.096 илјади денари), исплатените износи, за средствата кои се обезбедени од Буџетот на Царинската управа согласно одредбите од Законот за буџетите и тоа по следните основи:

- купување на опрема и машини, кои опфаќаат: купување на друга опрема;
- градежни објекти, кои опфаќаат: подготвување на проекти на деловни објекти;
- купување на мебел, кои опфаќаат: купување на канцелариски мебел;
- вложувања и нефинансиски средства, кои опфаќаат: надградба на компјутерски софтвер СОЦДАД (систем за обработка на царински декларации и акцизни документи).

во 000 денари

| Опис | Извршено 2021 | Буџет 2021 | Извршено 2020 | Разлика |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5=(3-2) |
| Купување на опрема и машини | 255 | 255 | 96 | - |
| Градежни објекти | 1.746 | 2.000 | - | 254 |
| Купување на мебел | 71 | 9.000 | - | 8.929 |
| Вложувања и нефинансиски средства | 7.702 | 13.350 | 4.000 | 5.648 |
| **Вкупно** | **9.774** | **24.605** | **4.096** | **14.831** |

# 4. БИЛАНС НА СОСТОЈБА

**Актива**

## 4.1. Тековни средства

### 4.1.1. Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции

Оваа позиција на ден 31 декември 2021 година е проценета според номинален износ од 16 илјади денари (во 2020 година – 16 илјади денари), а се однесува на невратени аванси на вработени од претходни години.

### 4.1.2. Активни временски разграничувања

Оваа позиција на ден 31 декември 2021 година е проценета во вкупен износ од 83.784 илјади денари (во 2020 година – 70.186 илјади денари) се однесуваат за евидентрани неисплатени обврски за плати и надоместоци од бруто плата на вработените за месец декември 2021 година во износ од 64.123 илјади денари и неизмирени обврски по основ на пристигнати, а неплатени фактури од добавувачите во износ од 19.661 илјада денари.

### 4.1.3. Залиха на материјали, резервни делови и ситен инвентар

Оваа позиција на ден 31 декември 2021 година е проценета во вкупен износ од 29.559 илјади денари (во 2020 година – 17.313 илјади денари) се однесуваат на проценетата вредност на залихите на материјали и ситен инвентар во употреба.

## 4.2. Постојани средства

Состојбата и промените на материјалните и нематеријалните средства, во 2021 година се прикажани во следната табела:

| Ред. Бр. | ОПИС | Земјишта и шуми и издадтоци за природни богатства во подготовка | Градежни објекти | Опрема | Основно стадо | Материјални средства во подготовка | ВКУПНО МАТ. ДОБРА И ПРИРОДНИ БОГАТСТВА И МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА | НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7=(2+3+4+5+6) | 8 |
| I | **Набавна или ревалоризирана вредност** | | | | | | | |
| | **Состојба на ден 01 јануари 2021 (НВ или РВ)** | 882 | 1.817.717 | 1.441.538 | 500 | 90.326 | 3.350.963 | 561.415 |
| | **Зголемувања:** | | **374.375** | **360.378** | **640** | **600** | **735.993** | **161.919** |
| | Набавки во текот на годината | | 5.571 | 5.395 | | 600 | **11.566** | 8.087 |
| | Стекнување без надомест | | | 125.914 | 640 | | **126.554** | 58.272 |
| | Пренос од средства во подготовка | | 89.805 | | | | **89.805** | |
| | Ревалоризација | | 278.999 | 229.069 | | | **508.068** | 95.560 |
| | **Намалувања:** | | | **36.384** | **200** | **89.805** | **126.389** | **94.789** |
| | Расходување (виша сила, дотраеност, и сл) | | | 36.384 | 200 | | **36.584** | 94.789 |
| | трансформација на инвестиции во тек во основни средства | | | | | 89.805 | **89.805** | |
| | **Состојба на ден 31. Дек. 2021 (НВ или РВ) - Вкуп.I** | **882** | **2.192.092** | **1.765.532** | **940** | **1.121** | **3.960.567** | **628.545** |
| II | **Акумулирана амортизација на материјалните средства** | | | | | | | |
| | **Состојба на ден 01 јануари 2021 (ИВ)** | | 191.496 | 1.318.133 | | | **1.509.629** | 419.605 |
| | Амортизација за тековната година | | 18.584 | 38.585 | | | **57.169** | 50.452 |
| | Ревалоризација | | 31.479 | 207.429 | | | **238.908** | 81.857 |
| | Останато (да се специфицира) - отпис | | | 131.172 | | | **131.172** | |
| | **Состојба на ден 31.Дек.2021 (Акум. аморт.) - Вк. II** | | **241.559** | **1.432.975,00** | | | **1.674.534** | **551.914** |
| III | [illegible] | [illegible] | [illegible] | [illegible] | [illegible] | [illegible] | [illegible] | [illegible] |
| IV | [illegible] МАТ. СРЕД. [illegible] (СВ) | 882 | [illegible] | [illegible] | [illegible] | [illegible] | [illegible] | [illegible] |

## 4.2.1. Нематеријални средства

Оваа позиција е проценета во вкупен износ од 76.631 илјада денари (во 2020 година – 141.810 илјади денари), а се однесува на евидентирани софтвери, лиценци, системот за обработка на царински декларации и акцизни документи – СОЦДАД.

## 4.2.2. Материјални добра и природни богатства

Оваа позиција е проценета во вкупен износ од 882 илјади денари (во 2020 година - 882 илјади денари) а се однесува на евидентиран недвижен имот – земјиште.

### 4.2.3. Материјални средства

Оваа позиција е проценета во вкупен износ од 2.284.030 илјади денари (во 2020 година - 1.750.126 илјади денари) и се однесува на материјални средства во сопственост на Царинска управа и тоа:

- градежни објекти (гранични премини, царинарници, административни згради)
- опрема (канцелариски мебел, возен парк, ИТ опрема, уреди за греење и ладење) и
- основно стадо – кучиња.

### 4.2.4. Материјални средства во подготовка

Оваа позиција е проценета во вкупен износ од 1.121 илјада денари (во 2020 година - 90.326 илјади денари) и се однесува на гранични премини кои се водат на инвестиции во тек и тоа:

- Граничен премин Белановце Станчиќ во вкупен износ од 521 илјада денари;
- Граничен премин Делчево во вкупен износ од 93 илјади денари и
- Граничен премин Маркова нога во вкупен износ од 507 илјади денари.

Намалувањето на оваа позиција во 2021 година во вкупен изно од 89.805 илјади денари се однесува на ставање во употреба на граничен премин Ќафасан, Општина Струга, по добиено одобрение за употреба од Министерство за транспорт и врски, со соодветно зголемување на состојбата на постојани средства - градежни објекти.

### 4.3. Вонбилансна актива

Оваа позиција на ден 31 декември 2021 година е проценета во вкупен износ од 16.392.542 илјади денари (во 2020 година - 14.073.776 илјади денари) и се однесуваат на:

- останати хартии од вредност искажани по извештај за состојба на сметка на датум 31.12.2021 издаден од Централен депозитар за хартии од вредност;
- побарувања од дополнителна наплата на царински долг од различни субјекти групирани по статус (активни, ликвидирани, стечај, избришани, неактивни, немигрирани, пред стечај), кои потекнуваат од 01.01.1999 и понатаму;
- побарувања за примени банкарски гаранции по разни основи (за квалитетно извршување на договори за јавни набавки, за закуп на деловен простор и за акцизен долг); за обезбедување на царински долг, со економски ефект, за магацинско складирање, за привремено чување и за пуштање во слободен промет);

- побарувања за привремено и конечно одземена стока (во прекршочна, кривична и управна постапка и за повреда на право на интелектуална сопственост);
- побарувања по решенија во управна постапка за дополнителна наплата на акциза (присилна наплата и црвена нафта);
- побарувања по решенија од неплатени глоби во прекршочни постапки и
- побарувања по тужби за граѓанска (парнична) постапка за тужени правни и физички лица.

**Пасива**

## 4.4. Тековни обврски

### 4.4.1. Краткорочни обврски спрема добавувачи

Оваа позиција на ден 31 декември 2021 година е проценета во вкупен износ од 19.661 илјада денари (во 2020 година – 8.900 илјади денари) и се однесува на неизмирени обврски по основ на пристигнати, а неплатени фактури од добавувачи во земјата.

### 4.4.2. Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените

Оваа позиција на ден 31 декември 2021 година е проценета во вкупен износ од 64.123 илјади денари (во 2020 година – 61.286 илјади денари), по основ на обврска за неисплатена бруто плата за месец декември 2021 година.

### 4.4.3. Пасивни временски разграничувања

Оваа позиција на ден 31 декември 2021 година е проценета во вкупен износ од 16 илјади денари (во 2020 година - 16 илјади денари) и се однесува на се однесува на невратени аванси на вработени од претходни години.

## 4.5. Извори на средства

### 4.5.1. Извори на капиталните средства и останат капитал

Оваа позиција на ден 31 декември 2021 година е проценета во вкупен износ од 2.392.223 илјади денари (во 2020 година – 2.000.457 илјади денари) и се однесува на проценетиот државен – јавен капитал и останат капитал (залиха на материјали и ситен инвентар).

## 4.6. Вонбилансна пасива

Оваа позиција на ден 31 декември 2021 година е проценета во вкупен износ од 16.392.542 илјади денари (во 2020 година – 14.073.776 илјади денари) и претставува противставка на вонбилансната актива за што е детално наведено во точка 4.3.

ПРИЛОГ 1

# Преглед на резултатите

**од преземените мерки од страна на субјектот предмет на ревизија, во врска со утврдените состојби и дадените препораки содржани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор број 09-61/9 од 27.09.2017 година на Царинска управа на РСМ**

| Препорака број | Врска со наодот од КИ | Содржина на препораката | Статус на препораката* | Преземени мерки | Коментар на ревизорот |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1. | 4.1.1 | Царинската управа да продолжи со отпочнатите активности за имплементација на стандард ИСО 9001. | СП | Согласно склучен договор број 05-004404/22 од13.09.2022 година во Царинска управа извршен е ресертификационен аудит по што издаден е Сертификат на системот за менаџмент со квалитет согласно со барањата на стандардот МКС EN ISO 9001:2015 бр. СТ-22/10-079. | Воведувањето на системот за управување со квалитетот и заедничката рамка за процена на работењето и давањето на услуги во државната служба за соодветната област се обезбедува подобар квалитет на услугите во државната служба. |

*Ревизорски тим:*
1. ____________
2. ____________
3. ____________

*Овластен државен ревизор* 1
____________

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2. | 4.2.1 | Одговорното лице на Царинската управа да преземе мерки и активности со кои ќе се обезбеди:<br>-вршење попис со обезбедување на инвентарни броеви на сите материјални средства,<br>-вршење целосен попис на средствата и нивите извори кои ги користи Царинската управа и усогласување на состојбата утврдена по попис со состојбата искажана во сметководствената евиденција и<br>-изготвување на пописни листи кои ги содржат сите потребни податоци. | НС | Во Царинска управа со спроведен е попис на средствата и нивните извори, побарувањата и обврските по што донесена е Одлука за усвојување на Извештајот од извршен редовен годишен попис на Царинска управа за 2021 година. | Со извршената финансиска ревизија заедно со ревизија на усогласеност на Царинска управа за 2021 година, ревизијата констатира одредени слабости во делот на спроведување на пописот, презентирани во ревизорскиот извештај за извршената ревизија. |
| 3. | 4.2.2 | Одговорното лице на Царинска управа да преземе мерки и активности со кои ќе се изврши:<br>-усогласување на донесеното Упатството за спроведување на сметководствени правила за евидентирање на залихи со законската и подзаконската регулатива,<br>-целосно применување на останатите интерни акти со кои е уреден начинот на евидентирање и вреднување на залихите и воспоставување на финансиска евиденција на залихите во текот на годината и<br>- усогласување на истата со магацинската евиденција и податоците од редовниот годишен попис. | ДС | Во септември 2018 година донесено е ново Упатство за спроведување на сметководствени правила за евидентирање на залихи во Царинска управа кое е усогласено со законската и подзаконските регулатива. | Со извршената финансиска ревизија заедно со ревизија на усогласеност на Царинска управа за 2021 година, ревизијата констатира одредени слабости во делот набавката и издавањето на залихата на материјалите, презентирани во ревизорскиот извештај за извршената ревизија. |
| 4. | 4.2.3 | Одговорното лице на Царинската управа да преземе мерки и активности со кои ќе се обезбеди:<br>-усогласување на состојбата на обврските искажана во сметководствената евиденција со состојбата утврдена со попис и<br>-евиденција во деловните книги на сите преземени обврски од добавувачите во годината за која истите | СП | Царинска управа има преземено активности во насока сите трансакции да се евидентираат во деловните книги во периодот во кој истите настануваат и да се | Со преземените активности овозможено е финансиските промени, односно трансакции да бидат целосни, навремени, ажурирани, односно точно да го одразуваат |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | се однесуваат. | | искажуваат на сметката Обврски кон добавувачите во земјата. | временскиот редослед на нивното настанување. |
| 5. | 4.3.1 | Одговорното лице на Царинска управа да преземе мерки и активности со кои ќе се завршат отпочнатите постапки согласно законската и подзаконска регулатива. | СП | Владата на РСМ донела Одлука за давање согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, на отпад на Влада на РМ („Службен весник на РМ" бр.142/16) и Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад на Влада на РМ („Службен весник на РМ" бр.45/17), по што Царинската управа објавила Јавен повик, извршила избор на најповолен понудувач со кој склучила Договор за собирање и | Постапувањето согласно Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост и Правилникот за сметководството на буџети и буџетски корисници има за ефект реално и објективно искажување на расходуваните материјални средства во деловните книги и Билансот на состојба на ден 31.12. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | транспортирање отпад (движни ствари), основните средства предвидени за расход по редовен годишен попис за 2015 и 2016 година. И во 2020 година спроведена е истата постапка, односно по утврдениот расход од извршниот попис и добиена согласност од Влада на РСМ, спроведен е јавен оглас со цел избор на правно лице за физичко отстранување на расходот. По спроведувањето на физичкото отстранување на расходот, истиот се евидентира во материјалната и финансиската евиденција. | |
| 6. | 4.3.2 | Одговорното лице на Царинската управа да преземе мерки и активности со кои ќе се пристапи за целосна примена на принципите за начелата на конкурентност и недискриминација во спроведувањето на постапките за јавни набавки. | НС | Извршивме увид во јавните набавки при што утврдивме одредени неправилности констатирани во ревизорскиот извештај. | Со спроведување на препораката ќе се обезбеди конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и рационално и ефикасно искористување на средствата во согласно со |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | ЗЈН. |
| 7. | 4.3.3 | Одговорното лице да преземе мерки и активности за спроведување на планираната постапка за јавна набавка за писмоносни услуги во внатрешниот сообраќај над 50 грама. | СП | Во 2021 година за извршени поштенски услуги потрошени се средства чија вкупна вредност е под вредносните прагови утврдени во Законот за јавни набавки и истите се внесени во кварталната евиденција која е јавно достапна на ЕСЈН. | |

*СП-спроведена, ДС- делумно спроведена, ВТ- во тек,НС- не спроведена, НП- не применлива

*Ревизорски тим:*
1. ______
2. ______
3. ______

***Овластен државен ревизор***

Република Северна Македонија
**Министерство за финансии**
- ЦАРИНСКА УПРАВА -
Централна управа

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP
Примено: / Pranuar më: 13.03.2023
Орг. един. / Nj. org. | Број / Nr. 11-294/7 | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlerë

До: м-р Максим Ацевски
Главен државен ревизор
Државен завод за ревизија
ул. „Павел Шатев" бр. 2, Палата „Емануел Чучков", 1000 Скопје

Предмет: Одговор по Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година
Врска : Нацрт извештај број 11-294/4 од 09.02.2023 година

Почитувани,

Царинската управа постапувајќи по дадените рокови, дадени со Дописот за доставување на Нацрт извештај го дава следното мислење во врска со Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година: Нацрт извештајот е реално и објективно изготвен и ја прикажува вистинската состојба во врска со финансиските извештаи и усогласеноста со законите и прописите за 2021 година во Царинската управа.

Во врска со дадените препораки, Ве информираме дека Царинската управа истите ги прифати и ги презема сите потребни активности за нивна целосна реализација.

I. Во врска со препораките дадени во писмото до раководството, Царинската управа ги дава следните одговори:

1. Сметка на основен буџет 637:

*Препорака - Одговорните лица во Царинската управа при спроведување на постапките за јавни набавки да преземат мерки и активности:*

- *Утврдување на причините за понудените различни цени од ист понудувач за стоки и услуги со исти карактеристики и*
- *понудувачот кој користи подизведувач при извршување на договорот за јавна набавка, во понудата да ги наведува сите подизведувачи, како и секој дел од договорот за кој има намера да го додели на подизведувачи и да доставува контакт податоци за законските застапници на предложените*


Министерство за финансии
Царинска управа
Република Северна Македонија
Ул. „Лазар Личеноски " бр. 13, Скопје
Република Северна Македонија
Тел:++ 389 2 3116 188
Факс:++ 389 2 3237 832
Е-пошта: info@customs.gov.mk
Веб страна: www.customs.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2015

*подизведувачи како и документација за утврдување способност на предложените подизведувачи.*

Одговор: Во врска со препораката за понудените различни цени од ист понудувач за стоки и услуги со исти карактеристики, во иднина ќе се спроведува делива постапка за јавна набавка за сервисирање возила и тоа: посебен ДЕЛ за набавка и промената на надворешни гуми (зимски и летни) и посебен ДЕЛ за сервисирање/одржување на возила, каде за подготовка на техничка спецификација барателот за предметната јавна набавка ќе го користи моделот на техничката спецификација кој е изготвен од Бирото за јавни набавки и објавена на нивната веб страна. Посебно внимание во техничката спецификација ќе се посвети на дополнителнителните карактеристики на надворешноте гуми (зимски и летни) во однос на носивост на гумите со исти димензии кои се определени во зависност од типот на возилото (тежина/маса).

Во врска со вториот дел од препораката, договорот за кој се однесува препораката е планиран со Планот за јавни набавки на Царинската управа за 2018 година и договорот е склучен во 2019 година. Од аспект на доследно спроведување на Законот за јавни набавки, во следните постапки за јавни набавки за слични проекти (проект за реконструкција на Деве Баир и Ќафасан кој се реализира во соработка со Министерството за транспорт и врски), спроведе посебна тендерска постапка за „Изработка на главни проекти за реконструкција и надградба ГП Деве Баир и Ќафасан" и посебна тендерска постапка за јавна набавка „Ревизија на главни проекти за реконструкција и надградба ГП Деве Баир и Ќафасан"

Во Царинската управа доследно се применуваат одредбите од Законот за јавни набавки, вклучително и одредбите од чл. 118 кои се однесуваат на „подизведување", доколку понудувачот со понудата доставил Изјава со наведување на делот од јавната набавка кој има намера да го отстапи на подизведувач, согласно чл.95 став 8 од ЗЈН и тендерската документација. Пример - спроведена постапка за ЈН бр.12541/2022 за набавка на „Чистење, мерење верификација и набавка на мерачи за резервоари за масло за греење". Со понудата била доставена Изјава од понудувач за користење подизведувач и Комисијата за ЈН по извршената евалуација на понудите во Извештајот од спроведена постапка ги навела податоците за користењето на предметниот подизведувач и за резултатот од извршената евлуација на документите за утврдување на способност на предметниот подизведувач, па следствено и во Договорот кој е склучен за предметната ЈН има одредби кои се однесуваат за подизведувањето (Прилог број 1).


Министерство за финансии
Царинска управа
Република Северна Македонија

Ул. „Лазар Личеноски " бр. 13, Скопје
Република Северна Македонија

Тел:++ 389 2 3116 188
Факс:++ 389 2 3237 832
Е-пошта: info@customs.gov.mk
Веб страна: www.customs.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2015

2. Сметка на основен буџет 631:

*Препорака - Одговорните лица во Царинската управа да преземат мерки и активности за вршење на пописот на побарувањата со утврдување на правната основа за нивното постоење, со старосна структура и информирање за констатираните состојби во извештајот за извршениот попис.*

Одговор: Со спроведениот попис за 2022 година во Извештај за извршен попис на побарувања и обврски за 2022 година, за побарувањата на сметката 631 утврден е правниот основ за нивно евидентирање и нивната старосна структура (Прилог број 2 - Извештај за извршен попис на побарувања и обврски за 2022 година и Табела - Салда на конта-субаналитика 631-14).

3. Сметка на буџет од самофинансирачки активности 787:

*Препорака - Одговорните лица во Царинската управа да преземат мерки и активности за вршење на пописот на побарувањата со утврдување на правната основа за нивното постоење, со старосна структура и информирање за констатираните состојби во извештајот за извршениот попис.*

Одговор: Со спроведениот попис за 2022 година во Извештај за извршен попис на побарувања и обврски за 2022 година, за побарувањата на сметката 787 утврден е правниот основ за нивно евидентирање и нивната старосна структура (Прилог број 3 - Табела -Салда на конта-субаналитика 787-14).

II. За нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година на Министерство за финансии – Царинска управа на Република Северна Македонија – сметка на основен буџет 637

*Препораката број 1 – Одговорното лице на Царинската управа да преземе мерки и активности со кои ќе се обезбеди:*

- *Пописните листи да ги содржат сите податоци неопходни за усогласување на сметководствена со фактичката состојба утврдена со пописот;*
- *Пописните листи да содржат потпис од сите членови на пописните комисии;*
- *Инвентарни броеви за сите материјални средства и*
- *Вршење попис на обврските со проверка на реалноста на нивното искажување, утврдување на правната основа, како и причините поради кои истите не се платени.*

Одговор: Согласно дискусијата на завршниот состанок одржан на 26.01.2023 година, со спроведениот попис за 2022 година, во Извештај за извршен попис на материјални и нематеријални средства кои се во употреба, вон употреба и средства во подготовка, пописни листи пред почетокот на пописот заклучно со 29.11.2022 година се прикажани со вредност без извршена амортизација и ревалоризација за


Министерство за финансии
Царинска управа
Република Северна Македонија
Ул. „Лазар Личеноски " бр. 13, Скопје
Република Северна Македонија
Тел:++ 389 2 3116 188
Факс:++ 389 2 3237 832
Е-пошта: info@customs.gov.mk
Веб страна: www.customs.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ MKC EN ISO 9001:2015

тековната година, додека прилогот број 6 од извештајот е со состојба по завршен попис, листата е со извршена амортизација и ревалоризација во тековната 2022 година. Горенаведеното е наведено од комисијата во самиот извештај (Прилог број 4 - Извештај за извршен попис на материјални и нематеријални средства кои се во употреба, вон употреба и средства во подготовка).

Ваквиот начин на прикажување на вредноста во пописните листи е поради тоа што пописот на основни средства започнува во месец декември во тековната година, а стапките за ревалоризација се објавуваат на крај на месец јануари наредната година. Имајќи предвид дека Царинската управа има основни средства на цела територија на Република Северна Македонија, невозможно е пописот на истите да се изврши по објавување на стапките за ревалоризација.

Со спроведениот попис за 2022 година пописните листи содржат потпис од сите членови на пописните комисии и на основните средства на кои недостасуваат или биле оштетени инвентарните броеви истите се заменети со нови.

Со спроведениот попис за 2022 година во Извештај за извршен попис на побарувања и обврски за 2022 година, за ненаплатените побарувања од решенија за дополнителна наплата на акциза на црвена нафта за физички лица и правни лица, утврдена е нивната старосна структура, правниот основ за нивно евидентирање и статусот на истите односно преземените активности за нивна наплата (Прилог број 5 – Табела).

*Препораката број 2 - Одговорното лице на Царинската управа да продолжи со започнатите активности за обезбедување на податоци за вредноста на земјиштетото од единиците на локалната самоуправа во кои се наоѓа земјиштето и нивно усогласување и евидентирање во деловните книги.*

Одговор: Врз основа на препораката во Нацрт извештајот и Одлуката за постапка за ревалоризација на недвижниот имот (земјиште) со кое располага Царинската управа бр.05-004591/23-0001 од 27.01.2023 година достави барање до единиците на локалната самоуправа во кои се наоѓа земјиштето за доставување на податоци за пазарната вредност на недвижниот имот – земјиштето (Прилог број 6). Врз основа на доставените барања дел од ЕЛС доставија одговор за пазарната вредност на недвижниот имот – земјиштето (Прилог број 7). По добивање на сите одговор од ЕЛС, Царинската управа ќе постапи по истите и сметководствено ќе ја евидентира ревалоризацијата на земјиштето како разлика меѓу вредноста на крајот на пресметковниот период според просечните пазарни цени утврдени согласно методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот од ЕЛС во која се наоѓа земјиштето и нивната сметководствена вредност.


Министерство за финансии
Царинска управа
Република Северна Македонија

Ул. „Лазар Личеноски " бр. 13, Скопје
Република Северна Македонија

Тел:++ 389 2 3116 188
Факс:++ 389 2 3237 832
Е-пошта: info@customs.gov.mk
Веб страна: www.customs.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2015

*Препораката број 3 - Одговорното лице на Царинската управа да преземе мерки и активности за:*

- *воспоставување на материјална и финансиска евиденција на залихите на масло за греење и вршење на редовен попис на истите и*
- *продолжување на започнатите активности за материјално и финансиско евидентирање на приемот, преносот, издавањето и употребата на метални пломби по сериски броеви.*

Одговор: Царинската управа спроведе материјално и финансиско евидентирање на залихите на масло за греење (Прилог бр. 8) согласно Извештај за спроведен попис на залиха на материјали, ситен инвентар, резервни делови, готови производи и стока за 2022 година (Прилог бр. 9), а врз основа на податоците од надележната организациона единица - Секторот за административни и технички работи (Прилог бр. 10). Во иднина, Царинската управа редовно ќе води материјална и финансиска евиденција на залихите на масло за греење и ќе врши редовен попис на истите.

Царинската управа во ЕРП системот[1] воспостави материјално и финансиско евидентирање на приемот, преносот и издавањето на метални пломби во 2023 година по сериски броеви (Прилог број 11 – Применица од ЕРП системот за прием на метални пломби по сериски броеви и Прилог број 11.1 – Залиха на артикли по сериски броеви).

Во однос на нацрт извештајот за сметката на основен буџет – 631 и сметката за самофинансирачки активности – 787, Царинската управа нема забелешки по изнесеното мислење.

Имајќи го предвид горенаведеното, како и преземените активности во насока на реализацијата на дадените препораки, Ве информираме дека Царинската управа ќе продолжи и понатаму да презема мерки и активности за целосна реализација на препораките со цел вистинити и објективни финансиски извештаи усогласени со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Со почит,

м-р, Славица Кутиров

Директор

[1] ЕРП систем – систем за материјално и финансиско работење


Министерство за финансии
Царинска управа
Република Северна Македонија

Ул. „Лазар Личеноски" бр. 13, Скопје
Република Северна Македонија

Тел:++ 389 2 3116 188
Факс:++ 389 2 3237 832
Е-пошта: info@customs.gov.mk
Веб страна: www.customs.gov.mk

Прилози:

- Прилог број 1 - документи од спроведена постапка за ЈН бр.12541/2022;
- Прилог број 2 - Извештај за извршен попис на побарувања и обврски за 2022 година и Табела Салда на конта-субаналитика 631-14;
- Прилог број 3 - Табела Салда на конта-субаналитика 787-14;
- Прилог број 4 - Извештај за извршен попис на материјални и нематеријални средства кои се во употреба, вон употреба и средства во подготовка;
- Прилог број 5 – Табела со решенија за дополнителна наплата на акциза на црвена нафта за физички и правни лица;
- Прилог број 6 - Барање до единиците на локалната самоуправа во кои се наоѓа земјиштето за доставување на податоци за пазарната вредност на недвижниот имот – земјиштето;
- Прилог број 7 – Одговори од ЕЛС;
- Прилог број 8 – Промет по синтетички конта за залиха на материјали;
- Прилог број 9 – Извештај за спроведен попис на залиха на материјали, ситен инвентар, резервни делови, готови производи и стока за 2022 година;
- Прилог број 10 – Табела од САТР за залиха на масло за греење со состојба 31.12.2022 година;
- Прилог број 11 - Приемница од ЕРП системот за прием на метални пломби по сериски броеви и
- Прилог број 11.1 - Залиха на артикли по сериски броеви.

Архивски број: 02-011666/23-0002
Скопје, 10.03.2023 година
01.10.00.УП.001.07-ОБ.09.07

10 -03- 2023


Министерство за финансии
Царинска управа
Република Северна Македонија

Ул. „Лазар Личеноски" бр. 13, Скопје
Република Северна Македонија

Тел:++ 389 2 3116 188
Факс:++ 389 2 3237 832
Е-пошта: info@customs.gov.mk
Веб страна: www.customs.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2015

**Прилог број 3**

**Одговор**
**на забелешки на**
**Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

Добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година на Министерство за финансии – Царинска управа на Република Северна Македонија бр. 02-011666/23-0002 од 10.03.2023 година, од м-р Славица Кутиров, директор на Царинска управа, заведени во Државниот завод за ревизија под број 11-294/7 од 13.03.2023 година.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешките кои се однесуваат на препораките содржани во Писмо до раководството, претставува **известување** за преземените мерки и активности по дадените препораки. Согласно меѓународните стандарди за ревизија и методолошките акти на Државниот завод за ревизија во Писмото до раководството утврдени се состојби кои што се со помало влијание, но треба да се имаат предвид во натамошното работење заради нивно надминување.

**Сметка на основен буџет 637**

2. Забелешката на препораката во **точката 4.1.1** која се однесува на начинот на изготвување на пописните листи и вршење на пописот на обврските на Царинска управа претставува **известување** за начинот на пополнување на податоците во пописните листи, кој овластениот државен ревизор го имаше во предвид во текот на вршење на ревизијата. Преземените мерки по дадената препорака кои се однесуваат на пописот на средствата, побарувањата и обврските за 2022 година ќе бидат предмет на ревизија во наредниот период.

3. Забелешката на **препораката во точката** 4.1.2 која се однесува на постапката за ревалоризација на земјиштето со кое располага Царинска управа, претставува **известување** за преземени мерки по дадена препорака. Имено, од страна на Царинската управа до единиците на локална самоуправа, каде се наоѓа земјиштето, доставени се барања за обезбедување на податоци за пазарната вредност на земјиштето за нивно усогласување и евидентирање во деловните

книги, која состојба соодветно ќе биде обелоденета во конечниот ревизорски извештај на овластениот државен ревизор.

4. Забелешката на препораката во точката 4.1.3 која се однесува на воспоставување на материјална и финансиска евиденција на залихите на масло за греење и металните пломби **делумно се прифаќа**, поради дополнително доставена документација за преземени мерки по дадената препорака. Имено, Царинската управа достави финансиски налози за евидентирани залихи на масло за греење и металните пломби во Системот за материјално и финансиско работење во 2023 година, поради што дадената препорака ќе биде соодветно прилагодена.

*Ревизорски тим:*

*1.* ____________

*2.* ____________

*3.* ____________

*Овластен државен ревизор*

____________